Гласило на Економски факултет – Прилеп

# БИЛТ€Н

## Воведен збор кон првиот број

### Проф. д-р Ѓорѓи Манчески - Декан

Економскиот факултет во Прилеп во својот 50 - годишен развој бил исправен пред многу предизвици и промени од окружувањето, но секогаш успешно се справувал и бележел континуиран прогрес. Факултетот, всушност, е формиран како резултат на нараснатите потреби од стопанстото. Имено, во почетокот била формирана Виша книговодствена школа, а потоа таа се трансформира во Висока економска школа за, на крај, во 1963 година да се етаблира како Економски факултет. Стратегискиот развој на Економскиот факултет секогаш бил инспириран од визионерските погледи на основачите кои знаеле да ги откријат потребите на иднината.

Едукациската парадигма на Факултетот, денес, е фундирана врз зголемувањето на квалитетот на студирањето, поттикнување на креативните потенцијали кај студентите, распознавање на знаењата и искуствата, мотивирање, социјална интеракција, тестирање на промените, респектирање на новите идеи и визија за иднината. Основните ориентири на Факултетот биле, а и денес, главно, се насочени кон подготвување на студентите за успешно вклучување во економските движења на земјата и надвор од неа, организирање и адаптирање на студиските програми кон потребите на стопанството, меѓународниот бизнис и глобализациските текови, интегрирање на интернационалните димензии во научноистражувачките активности, наставата и вонnаставната едукација на студентите, осовременување на наставната методологија и обезбедување услови за квалитетно образование, што гарантираат респект и акредитација на институцијата и во меѓународни рамки.

Реформскиот процес на Факултетот постојано е во согласност со современите текови во образовниот систем и се движи во правец на перманентно подобрување на квалитетот на студирањето, имплементирање на европскиот кредит трансфер систем, продлабочување на врските со стопанството и примена на најновите достигнувања во економската мисла. Во тој контекст, горди сме што Факултетот се реализира како современа, искусна и атрактивна образовна и научноистражувачка институција. Духот на научната економска мисла е втиснат не само на додипломските студии, туку и во профилирањето кадри на магистерските и докторските  студии.



Во фокусот на интересирање и перманентна грижа е подобрувањето на квалитетот на наставниот и научниот кадар на Факултетот. Овој процес резултира со тоа што Факултетот ги обезбедува врвните економски стручњаци – професори и соработници, кои се докажале како одлични

познавачи на економските и сродните научни дисциплини. Почитувајќи ги таквите определби, Факултетот и денес гради политика за привлекување млади кадри кои, главно, се генератори и иницијатори на новите идеи за модернизирање и креативно дизајнирање на студиските планови и програми. Апликативната работа на наставниците и соработниците на Факултетот обезбедува воспоставување тесна соработка меѓу високото образование и деловните ентитети, а тоа отвора простор за проверка на знаењата и практична примена на усвоените сознанија и вештини во деловната реалност. Тоа е одлична можност и за промоција на профилот и кадарот што се школува на Факултетот пред деловните субјекти во Републиката.Имплементацијата на најновите трендови и достигнувања од информациската технологија во образовниот процес, едуцирањето и обуката на студентите за нивна ефикасна примена се уште една потврда за развојот на овој сегмент. Тоа го потврдува и фактот дека Факултетот, уште од почетоците на неговото функционирање, односно од етаблирањето врши примена на информатичките знаења во економијата во правец на поддршка на бизнис процесите.

Особено е значајно да се напомене дека Факултетот постојано се промовира и во издавачката дејност, а исто така неговото учество е непрекинато во апликација на низа проектни решенија за обезбедување одржлив економски развој на земјата.

Следејќи го континуирано присутниот дух на издавачката дејност, се наметна идеајата да се започне со издавање (за почеток електронска верзија) на првиот Билтен на Економскиот факултет. Визија е овој Билтен да прерасне во списание каде што ќе се промовираат современите трендови во економската мисла и наука, ќе се презентираат одделни совети за стопанството, ќе се следат најновите случувања на Факултетот, и тоа поврзани, главно, со студентскиот живот и многу други содржини со коишто ќе се анимира секој сегмент од функционирањето на нашата институција.







## СОДРЖИНА

**Воведен збор кон првиот број**
**Проф. д-р Ѓорѓи Манчески - Декан**
**стр.1**

**ИНФО**
**Меѓународна конференција „Економијата и бизнисот во пострецесискиот период“**
**Доц. д-р Димитар Николоски**
**стр.4**

**Монографија на Економски факултет-Прилеп по повод 50-годишнината од неговото постоење**
**Доц. д-р Димитар Николоски**
**стр.4**

**Прослава по повод 50-годишнината од постоењето на Економски факултет-Прилеп**
**Доц. д-р Димитар Николоски**
**стр.5**

**Промоција на доктори на науки**
**Доц. д-р Марјан Ангелески**
**стр.6**

**Свечено доделување дипломи на дипломираните економисти**
**Доц. д-р Марјан Ангелески**
**стр.6**

**Стипендии за студирање во странство**
**Доц. д-р Димитар Николоски**
**стр.7**

**Соработка со средните училишта во Република Македонија**
**Доц. д-р Марјан Ангелески**
**стр.7**

**Посета на Економскиот факултет – Загреб**
**Доц. д-р Марјан Ангелески**
**стр.8**

**Кон нови вискообразовни хоризонти**
**Проф. д-р Славица Роческа**
**стр.8**

**Да се почувствува харизмата на Котлер**
**Проф. д-р Марика Башеска – Ѓорѓиеска**
**стр.9**

**Методолошко катче**
**Проф. д-р Љупчо Печијарески**
**стр.11**

**Интервју со г-дин Ристо Хоговски**
**ТВ Визија**
**стр.15**

**Дали знаете што е тоа Студентски парламент?**
**Афродита Секуловска**
**стр.17**

**Студентска организација АИЕСЕК Прилеп**
**Светлана Пејковска**
**стр.18**

**Макроекономски барометар**
**м-р Дејан Здравески**
**м-р Спире Лазароски**
**стр.19**

## ИНФО

## Меѓународна конференција „Економијата и бизнисот во пострецесискиот период“

**Доц. д-р Димитар Николоски**

По повод 50-годишнината од своето постоење Економски факултет-Прилеп организираше меѓународна научна конференција насловена „Економијата и бизнисот во пострецесискиот период“. Целта на Конференцијата беше отворање научна дебата за состојбите и перспективите на економијата и бизнисот како на светско, така и на национално ниво врз основа на искуствата стекнати од глобалната економска рецесија.




Учесниците на Конференцијата беа поделени во две сесии, и тоа: главна сесија и сесија за млади истражувачи. На главната сесија имаше пријавено вкупно 57 реферати, додека на сесијата за млади истражувачи имаше вкупно 29 пријавени реферати. Според својата содржина, рефератите покриваа различни тематски подрачја, како што се: глобална и национална економија, маркетинг, улогата на информациските технологии, финансии, социо-економски проблеми и тн.

Расправата во врска со поднесените реферати во главната сесија беше реализирана преку панел дискусија на којашто активно учество зедоа поголем број од учесниците на Конференцијата. Во својство на воведничари на панел дискусијата беа професорите д-р Славица Роческа, д-р Пеце Митревски и д-р Димко Кокароски.Заклучните согледувања од Конференцијата се карактеризираа со темелност и сеопфатност, што произлезе од разнородноста на третираната научна проблематика. На овој начин, Економскиот факултет-Прилеп ја продолжи повеќедеценискaта традиција за организирање конференции од меѓународен карактер на актуелни теми од областа на економијата и бизнисот, со што ја потврди својата лидерска улога во економската наука во регионот и пошироко.

## Монографија на Економски факултет-Прилеп по повод 50-годишнината од неговото постоење

**Доц. д-р Димитар Николоски**

Јубелејната 50. година од своето постоење Економскиот факултет-Прилеп, меѓу другото, ја одбележа и со издавање пригодна монографија. Ова издание, коешто со сите свои атрибути може да се нарече луксузно, беше отпечатено во тврд повез, и тоа двојазично, на македонски и англиски јазик. Монографијата изобилува со фотографии и интересни дизајнерски решенија, што дополнително придонесуваат за нејзиниот висок квалитет.

На 342 страници од монографијата се презентирани голем број сегменти од тековното работење на Факултетот, како и неговиот историски развој. По воведниот текст на деканот на Факултетот, проф. д-р Ѓорѓи Манчески, претставен е развојниот процес на факултетот од неговите зачетоци, па се́ до денес. Натаму, е објаснета организациската структура на Факултетот, вклучувајќи ги органите на управување и постојните катедри.

Особено внимание во монографијата е посветено на објаснувањето на академските

универзитетски студии од првиот и вториот циклус. Покрај тоа, монографијата третира и бројни други содржини како што се: имплементацијата на кредит трансфер системот, мобилноста на студентите, научноистражувачката дејност, меѓународната соработка, соработката со стопанството, издавачката дејност и тн. На крајот, пак се претставени библиотеката и нејзиниот придонес, административната




логистика, просторните и техничките капацитети и студентскиот парламент. Покрај ова, во монографијата се приложени и бројни прилози како што се биографии на наставниците и соработниците, претходно вработениот академски кадар, дополнително ангажираниот академски кадар, вработените во административно-техничкиот сегмент, листа на доктори на науки, магистри и дипломирани студенти на Економскиот факултет-Прилеп.

## Прослава по повод 50-годишнината од постоењето на Економски факултет-Прилеп

### Доц. д-р Димитар Николоски

50-годишнината од постоењето на Економски факултет-Прилеп беше одбележана со голем број активности што на овој јубилеј му го дадоа заслуженото значење и тежина. Така, чествувањето започна на 27 октомври кога беше организирана свечена седница на Наставно-научниот совет на Факултетот. На седницата, воведен збор зеде деканот на Факултетот, проф. д-р Ѓорѓи Манчески, а потоа беа доделени благодарници на претходните декани на Економски факултет-Прилеп за особен придонес во неговиот развој и афирмација.

Главната манифестација за одбележување на петдецениските јубилеј беше одржана на 29 октомври во просториите на Факултетот. Прославата започна со поздравно обраќање од страна на деканот на Факултетот, проф. д-р Ѓорѓи Манчески, по што следеше обраќањето на ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, проф. д-р Златко Жоглев. Од името на Владата на Република Македонија манифестацијата ја поздрави министерот за образование и наука, г-дин Никола Тодоров. Притоа, на премиерот на Република Македонија, г-дин Никола Груевски кој беше покровител на прославата, му беше доделена плакета за особен придонес во развојот на Економски факултет-Прилеп. На прославата, меѓу другото, беа доделени пофалници за постигнат највисок просечен успех на студенти од секоја студиска година на Економски факултет-Прилеп, а исто така беа доделени и благодарници на институциите со коишто Факултетот има остварено долгогодишна успешна соработка. Во рамките на уметничката програма на прославата присутните можеа да уживаат во повеќе музички нумери, изведени од страна на музичката етно група „Синтезис“ и гудачкиот квартет „Марија“. По завршувањето на свечениот дел на прославата, во просториите на Факултетот беше организиран пригоден коктел за сите поканети.



## Промоција на доктори на науки

### Доц. д-р Марјан Ангелески

Во рамките на одбележувањето на патрониот празник на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола“, на 07.12.2010 година, на свечена промоција, ректорот, проф. д-р Златко Жоглев, промовираше и тројца доктори на науки кои се стекнале со звањето доктор на економски науки, а докторирале на Економскиот факултет – Прилеп. На свеченоста беа промовирани следниве доктори на науки кои докторирале на нашиот Факултет:

**д-р Драгица Оџаклиеска**
**д-р Љупче Маркушески**
**д-р Мирослав Андоновски**

На промоцијата деканот, проф. д-р Ѓорѓи Манчески, на кратко ја изнесе биографијата на кандидатите, а менторите, проф. д-р Гордана Трајкоска, проф. д-р Коста Сотироски и проф. д-р Сашо Атанасоски, во кратки црти го образложија придонесот на истражувањата во докторските дисертации на промовираните доктори на науки.

## Свечено доделување дипломи на дипломираните економисти

### Доц. д-р Марјан Ангелески

На 14 декември на Економскиот факултет – Прилеп беа доделени дипломите на 180 дипломирани економисти кои на ЕФП дипломирале во периодот од 1 април до 31 октомври 2010 год.

Свечениот собир го поздравија и на присутните им се обратија деканот на Факултетот, проф. д-р Ѓорѓи Манчески, и ректорот на Универзитетот, проф. д-р Златко Жоглев, а на прославата присуствуваше и проректорот за настава проф. д-р Сашо Атанасоски.



Традиционално, Економскиот факултет – Прилеп ги наградува најдобрите дипломирани студенти и им доделува парични награди и пофалници.



На оваа свеченост со парична награда од 7000 денари беа наградени студентките Јовческа Марина и Костоска Анета со просечен успех од 9,86 и шест студенти со парична награда од по 5000 денари со постигнат просечен успех повисок од 9,50. Овие студенти ја имаа ретката привилегија наградите и дипломите да им ги врачи ректорот на нашиот Универзитет, проф. д-р Златко Жоглев. Сите дипломирани студенти со просечен успех повисок од 9,00 добија пофалници за постигнатите резултати.

Имајќи ја предвид перманентната соработка на Економскиот факултет – Прилеп со бизнис секторот, две реномирани компании од градот, и тоа АД “Витаминка” – Прилеп и АД “Жито Прилеп” - Прилеп на студентките Јовческа Марина и Костоска

Анета, кои постигнаа највисок просечен успех во текот на студирањето, им подарија лаптоп компјутери. Лаптопите им ги врачија преставниците на компаниите, г-дин Симон Наумоски и г-дин Горан Јанков.

Свеченоста заврши со пригоден коктел во холот на Економскиот факултет – Прилеп.

## Стипендии за студирање во странство

**Доц. д-р Димитар Николоски**

Од неодамна Економски факултет-Прилеп започна со континуирано информирање на студентите со можностите за користење стипендии за студии во странство. На овој начин, факултетот се приклучува кон европските текови на високото образование, преку промовирање мобилност на студентите, наставничкиот и соработничкиот кадар.

За таа цел, во рамките на интернет страната на Факултетот, во рубриката „За студентите" беше отворена посебен избор, насловен како „Стипендии во странство", преку којшто студентите можат директно да пристапуваат до отворените повици за стипендирање.

Во моментов поатрактивни се стипендиите за студирање во Оксфорд, Централниот европски универзитет во Будимпешта, Универзитетот во Стафордшир, како и бројни други стипендии за универзитетите во Словачка, Романија, Холандија, САД и други земји.

Покрај стипендиите за студирање во странство, преку овој портал студентите можат да добијат информации и за други конкурси за летни школи, награди и сл. Меѓу нив треба да се истакнат конкурсот на Народна банка на Р. Македонија за годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата, наградата „Најмлад научник", што ја доделува претседателот на Р. Македонија, летните школи на Централниот европски универзитет во Будимпешта, како и европската награда за најиновативна бизнис идеја.

## Соработка со средните училишта во Република Македонија

**Доц. д-р Марјан Ангелески**

Имајќи ја предвид потребата од динамизирање на соработка меѓу Економскиот факултет – Прилеп и средните училишта во Република Македонија, а во функција на дефинирање натамошни насоки за соработка, на иницијатива од Деканот на Економскиот факултет – Прилеп, на 15.11.2010 год. беше реализирана средба меѓу потесното раководство на деканатската управа на Економскиот факултет – Прилеп и директорите на средните училишта од пелагонискиот регион, т.е. од Битола, Прилеп и Крушево. На средбата се разви плодна дискусија околу размената на знаење, искуства и заеднички активности во едукативната област и беа дефинирани определени насоки за продлабочување на соработката меѓу Економскиот факултет, од една страна, и средните општински училишта, од друга страна. Исто така беше иницирана идејата за склучување меморандум за соработка, што би вклучувал дефинирање на формите на соработка меѓе двете страни, а во смисла на размена на наставен кадар и ученици, односно студенти заради пренесување на знаења и искуства; соработка при реализацијата на заеднички истражувања и проекти во соодветни научни и едукативни области; размена на мислења и консултации за

наставните содржини, методите на наставата, практичната реализација на наставата и тн.; размена на информации за промените во едукативните процеси и промените што настануваат во функционирањето на институциите; овозможување на наставничкиот кадар на средните училишта непречен пристап до книжниот фонд и другите библиотечни ресурси од Факултетот и сл.

## Посета на Економскиот факултет – Загреб

### Доц. д-р Марјан Ангелески

На 1 декември 2010 година делегација од Економскиот факултет – Прилеп, составена од деканот, проф. д-р Ѓорѓи Манчески и продеканите, проф. д-р Славица Роческа и доц. д-р Марјан Ангелески, присуствуваа на одбележувањето на 90-годишнината од основањето на Економскиот факултет – Загреб. При посетата беше остварена средба со деканот на Економскиот факултет – Загреб, проф. д-р Тончи Лазибат. Посетата на Загреб беше искористена и за размена на ставови и мислења, како и за иницирање натамошна соработка околу конкретни проектни активности и со претставникот од Економскиот институт – Загреб, проф. д-р Зоран Аралица.

## Кон нови вискообразовни хоризонти

### Проф. д-р Славица Роческа

Развојниот пат на Економскиот факултет Прилеп традиционално е обележан со концептот на отвореност кон нови идеи, содржини и форми на соработка што кореспондираат со парадигмата на неговото опстојување и успешно функционирање. Да се биде дел од светската заедница и активно да се партиципира во процеите на креирање, трансфер и споделување на знаењата е предизвик што го наметува новото време. Факултетот ги антиципира новите трендови во високото образование и брзо и ефикасно се прилагодува на променетите услови во окружувањето.

Имплементацијата на Болоњскиот концепт, како една од основните претпоставки за успехот на реформата, ја поставува интернационализацијата на соработката во сферата на високото образование. Зголемената важност на интернационализацијата врз институционалното профилирање е втемелена на можноста за воспоставување стратегиски партнерства и договори за соработка во наставата, истражувањето и градење капацитети во согласност со воспоставените развојни приоритети на Факултетот.

Меѓународната мобилност претствува клучен фактор за реализација на глобалната димензија на Болоњскиот процес. Студентите и академскиот кадар на Економскиот факултет Прилеп имаат можност да ги реализираат мобилностите во рамките на повеќе европски програми или голем број билатерални програми што ги нудат земјите со коишто Р. Македонија остварува соработка во образовната сфера. Програмите, Erazmus mundus, Tempus и многу други, отвораат еден нов прозорец за мобилноста на студентите и професорите на универзитетите во ЕУ каде што ги стекнуваат или надоградуваат своите знаења.



Меѓутоа, мобилноста не е единствениот белег на интернационализацијата. Напротив, таа инкорпорира еден интегриран пристап што ги опфаќа и активностите во доменот на наставата и истражувањата. Афирмацијата на меѓународната димензија и имплементацијата на светските образовни стандарди се остварува и преку реализација на редовни и промотивни предавања од страна на визитинг професори од странски универзитети и факултети.

Достигнувањата во истражувачката област и научениот потенцијал со којшто располага Факултет, исто така, наоѓаат сé поголема потврда во меѓународни рамки. Учествата на меѓународни научни собири

претставуваат редовна и вообичаена активност на академскиот кадар на Факултетот. Но, истовремено, овде спаѓа и традиционалното организирање меѓународни научни собири од страна на Факултетот. Подеднакво респектабилно е учеството во бројни истражувачки проекти, реализирани со партнерски институции од земјата и странство, со што Факулетот потврдува дека располага со истражувачки потенцијал којшто, врз рамноправна основа, со своите креативни капацитети, во целост се вклопува во светските високобразовни стандарди.

Многу значајна карактеристика на различните форми на меѓународна соработка е воспоставувањето кохезија и блиски односи со високообразовните институции со коишто Факултетот има склучено договори за соработка. Овие блиски односи и соработка се основа за постигнување меѓународна компатибилност и унапредување на квалитетот во високообразовниот процес.

Генерално, Факултетот го прифати холистичкиот приод, што подразбира интегрирање на активностите и вклучување на меѓународната димензија во сите институционални активности за постигнување дистинктивна компетитивна препознатливост и предност.

## Да се почувствува харизмата на Котлер

### Проф. д-р Марика Башеска – Ѓорѓиеска

Академскиот кадар на Економскиот факултет-Прилеп, преку учество на предавања, проекти и различни настани во континуитет ги следи најновите достигнувања во економската наука и другите области за водење на бизнисите.

Во оваа прилика би сакале да издвоиме една ретка можност и привилегија што ја имаше професорката Марика Башеска-Ѓорѓиеска - да присуствува на предавање и лично да се сретне со професорот Филип Котлер, познат како светски маркетинг „гуру“. Имено, таа, во два наврата, во 2006 година во Сараево и во 2009 година во Скопје, присуствуваше на еднодневни предавања на најактуелни теми од областа на маркетингот и лично разговараше со професорот Котлер.



Д-р **Филип Котлер** е почесен професор на Kellog School of Management - Northwestern University, САД. Тој е автор на голем број

капитални дела од областа на маркетингот, што се користат како основно четиво, како од страна на академскиот свет, така и од страна на професионалците кои работат во оваа област. Тој е добитник на многубројни престижни награди, и тоа: за истакнат едукатор, за научен придонес во областа на маркетингот, за лидер во маркетингот. Професорот Котлер бил претседател на најпрестижната Американска маркетинг асоцијација (АМА). Тој, во текот на својот работен век, бил советник за маркетинг стратегии на многу американски и странски компании.

Во продолжение, професорката Марика Башеска ги пренесува своите впечатоци од овие два настана.

Како почесен говорник на отворањето на конференцијата во 2006 година професорот Филип Котлер го претстави својот нов концепт за развивање маркетинг стратегија за креирање атрактивност и привлечност на една држава (Marketing of a Nation).



Покрај тоа, тој во рамките на целодневен семинар одржа предавање од областа на брендирањето, при што слушателите добија конкретни и прецизни знаења за тоа што треба да направат компаниите за да создадат уникатен бренд и како да го позиционираат на пазарот.
Додека, пак, на целодневниот семинар, одржан во Скопје, професорот Котлер, имајќи ги предвид турбулентноста и хаотичноста на времето во коешто денес живееме, избра да зборува за најактуелна тема: Предизвиците на маркетингот во 21. век.
Во оваа прилика, тој потенцира дека денес постулатите на традиционалниот или "стариот" маркетинг веќе не функционираат со истиот успех со којшто функционираа во едни малку постабилни услови, т.е. во период за кој беше карактеристична масовната комуникација со јавноста и промоција до масовната публика, јасна диференцијација меѓу различните марки и фактот дека на потрошувачите им беше поважна корисноста од производот наместо цената што за него ја плаќаат.




Традиционалниот маркетинг го следеше потрошувачот и го опсипуваше неговиот пат со замки.
Маркетингот на 21. век, или маркетингот во услови на турбулентност, финансиска криза и рецесија се разликува во пристапот и методите што ги користи.
Поаѓајќи од фактот дека одлуките што се носат во компаниите, во услови на голема неизвесност и несигурност, навистина се тешки, „новиот" маркетинг се насочува кон потрошувачите и нивното задржување, односно создавање нивна лојалност.
Сé повеќе нагласокот се става на интеграцискиот пристап кон маркетинг инструментите и поврзаноста со останатите функции во компаниите.
Применувајќи го новиот маркетинг, професионалците кои со тоа се занимаваат сé повеќе мора да располагаат со технолошки вештини, користење на интернет, познавање на концептот и инструментите за воспоставување долгорочни релации со потрошувачите, автоматизација на продажбата и сл.
Суштината е во тоа компаниите, со ваквиот пристап, да станат проактивни, да ги антиципираат промените, да се прилагодуваат на нив пред тоа да го направи конкуренцијата, а со тоа тие сами да ја обликуваат својата иднина.
На сите споменати предавања на професорот Котлер беа отворени многу теми и прашања и секако дека тоа претставуваше голема привилегија да се слуша првиот човек во светот од областа на маркетингот.




Посебно убаво е чувството кога се има можност новите знаења и информации да се пренесат на генерации студенти на Економскиот факултет - Прилеп со што и ним им се овозможува да бидат во тек со новините во областа на маркетингот.

## Методолошко катче

**Проф. д-р Љупчо Печијарески**

### Методологија - гносеологија - логика

Човекот бил и останал номад. Едноставно, тој ниту можел, ниту може да постои без да открива, без да спознава нови простори, нови видици, нови содржини и вистини. Притоа, независно од тоа што и самиот е свесен дека најголемиот дел од новите сознанија релативно се вистинити, релевантни се само за определен временски период, потребата секогаш одново да открива, сепак, ја промовирал во основен цивилизациски императив. Трите клучни алатки: методологијата, логиката и гносеологијата ги ставил во функција на остварување на оваа цел. Во оваа расправа, сосема накратко, ќе стане збор за појмовното определување на методологијата и нејзиниот однос кон логиката и гносеологијата.

*Појдовна определба на методологијата*

Методологијата е сложена теоретско-емпириска дисциплина што ни овозможува да се запознаеме со тајните на научното истражување. Таа не води низ лавиринтите на она што веќе е осознаено, но и на она што треба да се осознае, покажувајќи ни ги патиштата како да го направиме тоа. Методологијата се обидува, во бесконечниот хаос на меѓусебната условеност на појавите и процесите, да открие определен ред. Впрочем, светот во којшто опстојуваме може да се разбере единствено ако се согледа определената правилност во него. Доколку се отфрли идејата за редот и правилноста, светот останува голема енигма, вечна мистерија, при што луѓето се само пасивни статисти во однос на сѐ она што се случува околу нив. Заглавени во сопствената немоќ, без можност да спознаваат, тие не би биле во состојба да се разберат ниту самите себе, ниту светот во којшто опстојуваат. Во тој контекст, важно е да се забележи дека методологијата, втемелена, пред сѐ, врз рационалното и нормативното, се чини е најзначајниот епистемолошки инструмент на патот на човековото сциентистичко разбирање и саморазбирање. Секако, методологијата не е семоќна. Таа во себе ги носи сите лимитираности на нејзиниот создавач. Сепак, нејзиниот придонес не е така безначаен. Таа е основниот двигател на научниот поглед на светот. Без неа не би можела да постои ниту современата наука, ниту современата цивилизација. Аналогно на ова, таа е повеќе од научна дисциплина. Едноставно, таа е начин и стил на живот на современиот човек, т.е. негова основна алатка за спознавање и градење на сопствениот индивидуален и општествен живот.

Методологијата, најчесто, се определува како логичка дисциплина – гранка на логиката, којашто ги проучува научните методи со чија помош се стекнуваат новите научни сознанија, односно нејзина основна задача е да ги открива, опишува и објаснува методите на научното сознание. Таа, во основа, претставува логичко-епистемолошка анализа на постојните методолошки постапки, но и антиципатор на новите начини на истражување. Со самото тоа методологијата, од една страна, го покажува начинот како се стигнува до определено сциентистичко сознание, а од друга страна го развива инструментариумот (методите и техниките) со којшто се стигнува до научното сознание. Истовремено, методологијата има задача да ги гради критериумите врз основа на коишто се утврдува научната вистинитост и употребливост на определени сознанија, затоа што во науката не е доволно само нешто да се открие, туку треба да се докаже и точноста, и валидноста на откриеното во однос на претходно утврдените теоретски сознанија. Притоа, бидејќи во методологијата е вклучен хеуристичкиот момент, таа учествува и во градењето на научната стратегија, пред сé, во контекст на тоа што поставените цели на одделна научна стратегија се остваруваат со конкретен методолошки инструментариум.

Имајќи го претходното предвид, содржините на сознанијата што ги опфаќа методологијата можат да се групираат во четири посебни делови.

***Првиот дел*** ги опфаќа логичките аспекти и се однесува на сите оние логички принципи и правила до коишто истражувачот мора да се придржува при дефинирањето на своите поими, дефиниции, класификации, при донесувањето на заклучоците и судовите. Во логички аспекти, исто така, се вбројуваат сите оние проблеми поврзани со испитувањето на улогата на хипотезите и научната теорија во истражувањето,

како и проблемите поврзани со логичката структура на научните закони. Во суштина, преку содржините на овој дел се воспоставува односот меѓу логиката и методологијата, но за тоа нешто подоцна, поопширно, ќе стане збор.

***Вториот дел*** се однесува на спецификите, проблемите и пристапите во истражувањето на општествените појави. Станува збор за фактот што истражувањето на општествените појави не може да се сведе на собирање едноставни факти и нивна еднодимензионална обработка во рамките на единствен методолошки пристап. Спротивно на тоа, станува збор за комплексни и динамични општествени појави и процеси што се резултат на човечката општествена пракса. Во нив се вградени човечката свест, волја, интереси и поглед на свет. Аналогно на тоа, нивното сознавање претставува крајно сложен процес во којшто се одигруваат бројни и разновидни интеракции меѓу субјектот и објектот на спознавање, меѓу перципирањето и мислењето, односно меѓу практично-сетилната и теоретско-мисловната човечка активност. Истражувачкиот процес е функција од интеракцијата меѓу субјектот- човечката свест и нејзините активности (пред сé, мислењето), и објектот – предметот што се спознава којшто, исто така, е производ на самиот човек и неговата општествена пракса. Согласно со ова, истражувањето на општествената стварност во себе инкорпорира различни методолошки пристап коишто претставуваат составен и мошне значаен сегмент на методологијата, пред сѐ, од аспект на нејзиниот натамошен развој.

***Третиот дел,*** што може да се именува како епистемолошки или сознаен, ги опфаќа проблемите поврзани со односот меѓу научното сознание за предметот на истражувањето и научното сознание за методот и техниките со коишто се истражува дадениот предмет. Во овој дел, главно, внимание се посветува на методите и техниките со коишто се истражува, но исто така негов составен дел се и: начинот на концептуализација на истражувањето, начинот на изработка на проектот на истражување, реализирањето на истражувањето, класификацијата и обработката на податоците, како и презентацијата на добиените нови сознанија од истражувањето.

***Четвртиот дел*** се однесува на научно-стратегискиот карактер на методологијата, што произлегува од развојниот карактер на научното спознавање, во чија основа се предметот и методот на истражување. Имено, развојот на сознанието за предметот на истражување во најголема мера е детерминиран од развојот на методот со којшто се истражува определениот предмет. Секоја радикална промена во системот на научните сознанија во однос на предметот инсистира на соодветни промени во научното сознание за методот со којшто се истражува; и обратно, секоја радикална промена на методот на одделна наука води кон радикални промени во спознавањето на предметот на таа наука. Воопшто не е можно да се дојде до нови револуционерни промени во науката, до нови научни патрадигми, доколку не се надградат постојните методи, но истовремено и осознаат нови. Во секој случај, развојот на научната теорија, остварувањето на новите научни цели и задачи не е возможно без методолошка логистика. Поаѓајќи од фактот дека научната стратегија е во функција на остварување определени, долгорочни, како теоретски, така и практични цели, што се поврзани со решавањето на некој значаен научен проблем, евидентно е дека методологијата во остварувањето на оваа задача игра важна улога. Таа, пред сé, помага во оценувањето колку поставените цели се реални, односно го дава одговорот на прашањето *дали постои соодветен методолошки инструментариум со којшто можат да се остварат зацртаните цели*. Од друга страна, доколку не постои соодветен методолошки инструментариум, методологијата е таа којашто, во согласност со своите логички и епистемолошки начела, треба да го изгради. Имајќи го ова предвид, евидентно е дека не вклучувањето на методолошката анализа во изработката на научната стратегија има крајно негативни последици како во решавањето на практичните општествени проблеми, така и за развојот на научната теорија.

Несомнено, ваквиот повеќеслоен пристап во определувањето на методологијата и нејзиното поле на дејствување упатува на потребата да се согледа нејзиниот однос со логиката и гносеологијата (теоријата на сознание) што, во рамките на нашите можности, ќе биде направено во продолжението на овој текст.

## *Односот на методологијата кон гносеологијата и логиката*

Со самото тоа што методологијата се определува како логичко-епистемолошка анализа на постојните методолошките постапки евидентно е дека таа е во непосредна корелација, како со теоријата на сознание - гносеологијата, така и со логиката. Поврзаноста на методологијата и теоријата на сознание е повеќе од очигледна, затоа што и двете имаат иста функција, а тоа е спознавање на стварноста. Притоа, треба да се нагласи дека меѓу нив постои разлика во начинот на спознавање. Методологијата се обидува да даде објективни научни одговори, коишто можат да се проверат по рационален пат, додека гносеологијата дава субјективни одговори. Методологијата, за разлика од гносеологијата, стреми кон стекнување објективни знаења коишто можат да бидат вклучени во постојната научна теорија. Секако, тоа многу подобро и успева кога се во прашање проблеми со пониско ниво на општост, односно кога станува збор за конкретни општествени појави чија меѓусебна условеност е поевидентна.

Исто така, гносеологијата и методологијата меѓусебно се разликуваат и според пристапот кон основното гносеолошко прашање: *дали сознанието е воопшто можно*? Гносеологијата, во однос на ова прашање, има различни пристапи: агноцистички (сознанието не е можно); догматски (сознанието е можно, и тоа еднаш за секогаш); скептички (не се знае дали и во која мера сознанието е можно); дијалектички (сознанието е можно, но не одеднаш и не апсолутно, туку постепено, чекор по чекор, низ борба на противречности); и сл.

Методологијата ова прашање го решава постулативно, односно а приори прифаќа дека објективното и вистинито сознание е можно. Едноставно кажано, доколку научникот, во име на науката, не верува дека може да се стигне до објективно сознание, тој не би се занимавал со научна работа. Така, научникот, иако нема директни рационални докази дека појавите во светот меѓусебно се поврзани, (според определени законитости), сепак верува во оваа претпоставка. Притоа, не станува збор за сите можни врски меѓу појавите во светот, туку само за оние што се нужни, постојани, општи и суштински. Ако научникот не верува во оваа претпоставка, тогаш науката не би била можна.

Претходните размисли упатуваат на заклучокот дека општествената наука и методологија, коишто своите сознанија ги градат врз рационални и логички принципи, во основа се темелат врз претпоставки, чијашто вистинитост не може да се докаже по рационален пат.Тоа произлегува од фактот што науката, односно нејзината основна истражувачка алатка - методологијата не е во состојба на директен начин да докажат дека претпоставките врз коишто тие се темелат се вистинити. Нивната вистинитост се утврдува на индиректен начин, преку проверка на вистинитоста на ставови или искази што логички следат од појдовната претпоставка. Тоа се парадоксите на методологијата, со недокажаното – појдовната претпоставка, всушност, се прифаќа како аксиом или постулат, а со тоа се докажуваат сите други искази во мисловниот систем. Притоа, колку и да звучи противречно, претпоставките се тие што го обезбедуваат појмовното, теоретското и методолошкото единство на науката, односно претставуваат неопходен амалгам што ги обединува сите елементи во структурата на науката. Од друга страна, недокажливоста на првата претпоставка, којашто во основа има онтолошко-гносеолошка заднина, зборува за немоќта методологијата и науката да продрат во сите сфери на стварноста или, поконкретно, за лимитираноста на нивните спознајни можности. Секако, претходните согледувања се однесуваат само на општата методологија, а не на методологиите на посебните општествени науки, коишто не се занимаваат со гносеолошко-онтолошките прашања.

За согледување на поврзаноста меѓу методологијата и логиката ќе појдеме од една можна определба на логиката, според којашто таа може да се сфати како настојување, по рационален пат – според определени принципи, правила и норми, да се утврдат најсуштинските односи меѓу човековото мислење и стварноста, што ќе и овозможи на човечката мисла што поадекватно да го сфати (разбере) она што во стварноста се случува и со тоа да овозможи усовршување и проширување на границите на човековата творечка пракса. Ваквата определба, евидентно, во целост кореспондира со внатрешната суштина на методологијата и

нејзините основни цели и задачи, со што се потврдува нејзината блискост со логиката, како од аспект на нејзината генеза, така и според нејзината структура и сознајната функција. Аналогно на тоа, методологијата со полно право се третира како посебна логичка дисциплина којашто во себе инкорпорира бројни содржини на логиката. Поконкретно кажано, таа се занимава со сите класични проблеми на логиката, како што се, на пример: поимот, дефиницијата, исказот, судот, заклучокот, доказите, научниот закон, научната теорија и научниот систем. Без ниво користење методологијата е немоќна да истражува каков било научен проблем. Точно, овие логички категории и овозможуваат да ја открива научната вистина. Притоа, иако методологијата нив посебно не ги разработува, сепак тие се присутни во секое научно истражување, со што недвосмислено се укажува на фактот дека тие се составен дел од предметот на методологијата и дека секој оној кој сака да се занимава со научно истражување треба добро да ги проучи.

Сепак, методологијата не смее да се сведе на логика, а уште помалку во целост да се изедначи со логиката. Имено, како што видовме при појдовното определување на методологијата: таа, покрај својот основен логички дел, во себе инкорпорира и посебен епистемолошки сегмент во којшто главно внимание се посветува на методите и техниките со коишто се истражува. Ова особено доаѓа до израз кога се во прашање методологиите на посебните науки во коишто посебно внимание се посветува на градењето на методолошкиот инструментариум со којшто се истражуваат проблемите, како и на самиот пристап на истражувањето, пред сè, од аспект на неговата концептуализација и реализација, во зависност од спецификите на научната област.

Треба, исто така, да се истакне дека методологијата, а особено методологиите на посебните науки во својот истражувачки пристап се многу поблиску до стварноста, затоа што истражуваат конкретни проблеми на таа стварност. Со самото тоа тие, за разлика од логиката, мораат да посветат многу поголемо внимание на природата и карактерот на појавите и процесите што ги истражуваат што, само по себе, ја наметнува потребата методологијата во себе да вклучува проучување и градење различни теоретски методолошки пристап на истражување што не се содржина на логиката.

Евидентно, погрешно би било целокупната активност на методологијата да се сведе на нејзиниот логички дискурс што се состои во испитување и градење критериуми за проверување на она што е осознаено. Имено, методологијата истовремено е и хеуристичка дисциплина, којашто укажува на правците на развој на научното истражување, од аспект на стекнување нови значајни и корисни сциентистички сознанија, а со тоа таа влијае и врз стратегијата на научните истражувања.

Исто така, методологијата за разлика од логиката, во својата дејност ги вклучува и најоптималните форми на организација на научното работење, поврзани како со конкретните истражувања, така и со целокупната научна дејност, што подразбира специфична сциентистичка социјализација на научниот кадар во чие средиште е тимското работење и градењето етички вредности кај истражувачот, без коишто општествената науката би претставувала обичен социјален инженеринг.

Од претходното може да се резимира дека, иако логичките сознанија претставуваат темел на методологијата, таа во себе вклучува и други значајни содржини што даваат за право таа да се третира како посебна дисциплина. Имено, таа во процесот на научното спознавање на стварноста, вршејќи конкретизација и прилагодување на фундаменталните логички категории на спецификите на определена наука истовремено вклучува и посебни епистемолошки, технички, хеуристички и организациски елементи, со што добива автентичен сциентистички идентитет.

## Интервју со г-дин Ристо Гоговски
## ТВ Визија

Економскиот факултет – Прилеп започна со еден нов концепт на презентација на теоретските познавања, имплементирани во практиката. Имено, од пред неколку месеци на Факултетот се организираат и одржуваат предавања од страна на етаблирани личности во бизнисот во Р Македонија. Предавањата третираат актуелни теми од областа на економијата, информатиката и тн.Или, поточно, теми, што се обработуваат во студиските програми на Економскиот факултет – Прилеп, а во истовреме теми што се актуелни и во светски рамки. Во ова пилот - списание, ви го претставуваме интервјуто направено со господинот Ристо Гоговски, сопственикот на една од водечките телевизиски куќи во Македонија, **Наша ТВ.**

***Господине Гоговски, денес одржавте многу интересно предавање за студентите од Економски факултет – Прилеп. Најинтересно од она што им прераскажавте на студентите беше дека сѐ што сте научиле за препприемништвото е од Ваше лично искуство, па оттука произлегуваат и прашањата што ќе ги упатам до Вас: дали менаџерот едноставно се раѓа; дали претприемач е оној на кој му е предодредено да биде претприемач?***

Не, претприемач може да биде секој кој ќе реши да биде претприемач. Едноставно, тоа зависи од желбата, зависи од определени предиспозиции. Или, поточно, зависи од целта, од афинитетите, зависи од тоа кој колку е способен своите идеи да ги спроведе.

***Вие по професија сте актер? Сте завршиле драмски уметности, но сте се определиле во Вашиот живот да одите сам, односно сте отвориле бизнис, видео-продукцијата како Ваш прв бизнис. Зошто?***

Затоа што сфатив дека нема кој да ме менаџира и решив , без разлика дали сум успешен или не, доколку продолжам така, никој не може да ме менаџира во актерството и ќе останам на тие гранки на коишто сум. Најбитната работа за мене во мојот живот е животот, не постои побитна работа од животот. И, затоа решив сам да си го менаџирам животот, онака како што јас знам и умеам.

***Во моментот сте сопственик на неколку медиуми.Станува збор за Наша ТВ...***

Станува збор за Наша ТВ, радио Равел, Рфм, тоа се модели на продукти со коишто јас работам, маркетинг агенцијата Арт улица 26, видео продукцијата Little brother.

***Дали има можности во Македонија за работа и дали постои капацитет да се развиваме и натаму во медиумскиот простор со оглед на тоа што навистина има премногу медиумски куќи, телевизиски, радио и локални, односно национални компании?Дали тука има простор за чесна конкуренција и развој?***

Секако дека има. Мојот пример покажува дека со искрена работа, верба и чесност во однос на своите клиенти, може да се успее. Компанија што нема задннински втор или трет бизнис или сопственици кои немаат втор, односно трет бизнис можат да успеат во овој бизнис. Мислам дека дури и пазарот е „гладен“ за создавање нови и иновативни медиуми што ќе имаат напредок и ќе создаваат прогрес не само на медиумскиот пазар, туку воопшто во функционирањето и помошта што медиумите ја даваат на општеството, на компаниите или системите во општеството.

***Кога се зборува за медиумите се наметнува едно прашање што е поврзано со медиумите, а тоа е политиката и медиумите. Имено, најчесто, една или друга медиумска куќа се поврзува со една или друга политичка партија.Дали може тоа да се избегне и како вие тоа успевате да го избегнете?***

Јас немам намера ништо да избегнувам. Моменталната ситуација во државата создава различни можности за различни луѓе,а мене ми создала можност да работам со овие или со оние, јас избирам со кого ќе работам. Кој со кого ќе се определи да работи, тоа е негов модел, зашто кога се работи за бизнис или за политика, тогаш се избира модел, односно се определува кој, како и со кого ќе работи.

***Кога сме веќе кај моделите, споменавте дека Вие најмногу применувате модели што се од Вашето лично искуство; дадовте неколку примери, кажавте дека менаџирате благодарение на некој јапонски модел...***



Не менаџирам според јапонски модел, тој модел го споменав како пример на трпеливост, тоа е модел на менаџирање со сослушување на сите околу себе и селектирање на нивните мислења, а потоа имплементирање свои ставови во системот.

***Дали и натаму во Вашиот бизнис ќе се раководите од Вашето лично искуство? Или, на кој начин се надоградувате во тој процес?***

Јас се надоградувам секој ден во животот, како секој нормален човек со нови познанства, добивање нови информации, посета на семинари, обуки, следење на големи случувања во светот, од каде што гледам што прави светот.Интернетот денес е таква комуникација којашто на сите „се ни дава на дланка!".Не останувам на учебниците од '45, или '95 год., сеедно, туку во својот начин на работа, гледајќи и следејќи ја конкуренцијата, се трудам да воведам модели што ќе му помогнат на мојот бизнис. Вербата и искреноста во поставувањето на тие модели ме води натаму.

***Моментално се занимавате исклучително со бизнисот во медиумите. Дали сте размислувале за проширување на Вашиот бизнис, да произведувате нешто друго освен услугите што сега ги нудите?***

Бизнисот во медиумите е и производство, меѓу другото.За да создадете продукт или услуга којашто ја продавате вие мора во својот систем да имате производство, продукција што подразбира ангажман на луѓе, ангажман на технологија, опрема, не е исто како да произведувате соленки, но сепак создавате производ што има своја калорична вредност и што пазарот ја посакува или не ја посакува. Вредноста на производите што ќе ја ставите во нив кога ги нудите на пазарот, овде се вика телевизија. Нивниот точен состав е ист како кога правите некое слатко, па ви се потребни точно определени состојки за да го направите вкусно, а во медиумот наречен телевизија, исто така, додавате точно определени состојки. За концептот Наша ТВ ни беа потребни такви и такви водители, ваква спортска програма и тн. Мојата телевизија е за паметни гледачи и паметни клиенти.

***На крај, уште едно прашање: предавањето беше насловено „Како до првиот милион„- дали беше тешко да дојдете до првиот милион?***

Насловот на предававањето беше да се привлечат студентите да дојдат и да го слушнат предавањето. Основата на предавањето не беше како да се дојде до првиот милион, тоа е небитно кој, како и колку заработува. Според мене, беше catch студентите да дојдат и да го слушнат моето лично искуство и она што јас го создавав во овие години. Дали ќе им се допадне и дали нешто ќе научат, зависи од секој од нив поединечно?!

Дали беше тешко да се дојде до првиот милион?!

Тешко?! Во Русија викаат дека сите се плашат од првиот милион, затоа што во правењето на првиот милион, без разлика на нивните точни и искрени намери, сите грешат. Нема милионер кој во почетниот бизнис или во тој, условно кажано, прв милион не згрешил. Тоа го направил од незнаеење, лоши проценки и секогаш викаат тој прв милион никој да не ми го чепне, не со цел дека сторил некој криминал, туку да не му се најдат грешките во правењето на тој прв милион. И, нормално, најтешко е кога ги правите првите чекори и првите грешки.

***Дали сте размислувале да работите надвор од Македонија? И, уште едно прашање: доколку би биле во некоја друга европска држава, дали Вашиот пат кон успехот ќе беше полесен?***

Не, напротив! Јас мислам дека оваа земја е таа што ја сакам и немам намера да ја напуштам или да одам каде било, не сум размислувал дали некаде би успеал повеќе, ниту ме интересирало да излезам од земјава, ниту сум таков тип на човек кој експериментира или се лути на другите за својот неуспех. Јас верувам во тоа што го правам , верувам во своето семејство, верувам во своите пријатели и го правам тоа заедно со нив. Така, одењето надвор од земјата за мене не е предизвик, особено кога имам 38 години... немам за што.

## Дали знаете што е тоа Студентски парламент?

### Афродита Секуловска

Студентски парламент е организација што работи и се залага за интересите и потребите на студентите, односно за обезбедување подобар студентски живот. Студентскиот парламент при Економски факултет - Прилеп (СПЕФ) е матична членка на Студентскиот парламент при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (СПУКО), со права и обврски кои произлегуваат од Статутот на СПУКО и другите акти на Парламентот. Основна задача на СПЕФ-Прилеп, како сервис на сите студенти - негови членови, е грижа за нивните права и проблеми со коишто се соочуваат во периодот на нивното студирање. Органи и тела на Парламентот се: претседател, Извршен одбор, Собрание и сектори (научно-истражувачки, спортски, културно-забавен живот, екологија, меѓународна соработка и сектор за студентски стандард).Секој студент на нашиот Факултет, во согласност со своите можности и способности, е добредојден да се вклучи во организирањето и реализирањето на нашите активности за заедно да го направиме студентското живеење подобро.

Глобални цели и задачи на СПЕФ-Прилеп за оваа година се:
- влијание врз зконодавното регулирање на барањата и потребите на студентите;
- партиципација во работата на: Студентскиот парламент при Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, односно во работата на органите и телата на Економскиот факултет-Прилеп и на ректоратот при Универзитетот;
- квалитативни промени во образовниот процес; подобрување на студентскиот стандард;
- поттикнување и спроведување заеднички активности и манифестации, како и евентуално формирање заеднички институции;
- развивање на културата и задоволување на културните потреби на студентите, потоа оние од спортско-рекреативните дејности, научно-истражувачко творештво, здравствено -хуманитарни, едукативни и други општествено корисни активности.

Преку ова гласило јасно ги повикуваме сите наши членови да ги збогатуваат страниците на наредните изданија, да говорат за нивните идеи, да ги кажуваат своите проблеми, односно заедно да се избориме за своите права, да учествуваме во разубавувањето на студентскиот живот во нашата држава и да уживаме во неговите благодети. Воедно, Студентскиот парламент при Економскиот факултет-Прилеп ја користи оваа прилика да Ви ги честита новогодишните и божиќните празници. Среќна Нова 2011 година и честит Божик!!!

## Студентска организација АИЕСЕК Прилеп

### Светлана Пејковска

АИЕСЕК е најголемата интернационална студентска организација што постои во 107 земји во светот и чие членство брои околу 50.000 членови. Единствена цел на оваа организација е развој на младите и градење на нивната кариера. АИЕСЕК во Прилеп постои веќе 50 години, или поточно од основањето на нашиот Факултет. Во изминатиот период се работеше на проекти што беа планирани и реализирани од студентите со помош од Факултетот и други институции и организации а тоа имаше за цел да се влијае позитивно на проблемите во нашето општество. Главен елемент на АИЕСЕК е размената на студенти и развојот на интернационална пракса. АИЕСЕК како најголема светска интернационална студентска организација, нуди можност за пракса во најголемите светски корпорации како на пример NOKIA, Microsoft, Nestle, IMG Bank, TATA Consulting, Facebook и др. Студените од нашиот Факултет можат да практицираат во овие компании според профилот и насоката што ја студираат. Минатите искуства на нашите колеги покажаа дека квалитетот и знаењето што го поседуваме е она што овие компании го бараат и затоа некои од студентите-апликанти добија договори за целосно вработување.

“Малите чекори Ве водат кон големи достигнувања! Јас ја искористив мојата шанса, го запознав светот, започнав кариера и уживав во убавините на Полска”, Снежана Мојсова, студент на Економски факултет,




практикант во Полска. Аплицирањето и селективниот процес за интернационална пракса се во тек и се отворени за студентите од Економски факултет-Прилеп. Неформалното образование и сопствената надградба се многу важни за напредокот како на приватен, така и на професионален план.

“АИЕСЕК за мене е најубавото нешто што може




да се случи на еден студент! Тоа е одлична можност да се пронајдеш себеси, да се надградиш персонално и професионално, место каде среќаваш луѓе од целиот свет со различни култури кои го прават истото како тебе” вели Викторија Петреска, потпретседател за човечки ресурси на АИЕСЕК Прилеп и студент на Економски факултет-Прилеп. Токму во тој правец се и нашите проекти што ги реализираме. Во почетокот на следниот месец ќе започне проектот “Your choice”, т.е. проект за изучување јазици. Успешната реализација на првата фаза од овој проект со италијански јазик беше поттик да го продолжиме проектот со втора фаза во којашто ќе се изучува шпанскиот и деловниот англиски јазик. Часовите ќе ги одржува практикант од Аргентина, а сите оние кои успешно ќе го завршат курсот, ќе добијат сертификат од АИЕСЕК. Следете ги нашите активности, вклучете се и изградете ја Вашата иднина! Во ова динамично време на големи можности се бараат студенти кои имаат пошироки видици и долгорочни визии. Бидете и Вие дел од иднината!

## Макроекономски барометар

м-р Дејан Здравески
м-р Спире Лазароски

Светската економска рецесија предизвика негативни консеквенци врз сите аспекти на економското функционирање на националните економии. Негативните имликации од економската рецесија се почувствуваа и во Р.Македонија, иако со определено задоцнување. Меѓутоа, импактот од економската рецесија перзистира во еден подолг временски период и кај нас. Ако светот веќе постепено заздравува од рецесијата, Р.Македонија сѐ уште се соочува со негативните ефекти.

Примарната цел на оваа рубрика е да ги прикаже најзначајните макроекономски индикатори што ја претставуваат целокупната макроекономска констелација во Р.Македонија. Информациите се обезбедени од страна на Државниот завод за статистика и Народната банка на Р.Македонија. Понудените податоци се класифицирани во 4 сегмента, и тоа: **реален** сектор, **екстерен** сектор, **монетарен** сектор, **ИКТ** – сектор.

| Години | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 квартал | 2 квартал |
| **БДП – според пазарни цени во тековни вредности** | 248.143 | 260.533 | 258.406 | 60.203 | 64.398 |
| **Стапка на раст на БДП** | 6.1 | 5.0 | -0.9 | -1.1 | 0.4 |
| **БДП – per capita во евра (тековен курс)** | 2.919 | 3.283 | / | / | / |
| **БДП – per capita PPP методологија** | 7.933 | 8.433 | / | / | / |
| **БНД – per capita PPP (World Bank)** | 9340 | 10.380 | 10.550 | / | / |

| Година | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Извоз на стоки** | 2.472.21 | 2,692.60 | 1.920.92 |
| **Увоз на стоки** | -3,653.25 | -4,455.12 | -3,472.02 |
| **Трговски биланс** | -1,181.03 | -1,762.52 | -1,551.10 |
| **Услуги нето** | 25.10 | 5.81 | 28.03 |
| **Тековни трансфери нето** | 1,012.44 | 985.47 | 1,132.30 |
| **Тековна сметка** | -421.16 | -862.19 | -449.26 |

| Година | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Меѓународна инвестициска позиција (нето) | -1,887.55 | -2,401.97 | -3,266.77 | -3,614.01 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ЕМУ | EUR | 61.5050 |
| | САД | USD | 46.7541 |
| | В.Британија | GBP | 72.3333 |
| | Швајцарија | CHF | 48.7632 |

| Карактеристики | Место на ранг листата на Global information technology report 2009-2010 | Индекс за Македонија (во граници од 0-7) | Светски индексен просек (во граници од 0-7) | Според друга мерка |
|---|---|---|---|---|
| Според успехот на владата во промовирањето на ИКТ во Македонија | 72 | 4,21 | 4,23 | |
| Според бројот на иновации и патенти | 61 | | | 0,5 на милион |
| Според капацитетот на земјата за иновации | 86 | 2,75 | 3,26 | |
| Според нивото на прифаќање на технологијата од страна на компаниите | 127 | 3,66 | 4,84 | |
| Според учеството налиценцирани странски технологии | 101 | 3,71 | 4,5 | |
| Интернет корисници | | | | 41,54% |
| Според поседувањето личен компјутер | 29 | | | 36,76% |
| Според важноста што владата и ја придава на ИКТ за иден економски развој | 50 | 4,39 | 4,15 | |
| Обезбедување напредни технолошки производи од страна на владата | 106 | 3,18 | 3,64 | |
| Трошоците на компаниите за истражување и развој | 114 | 2,55 | 3,28 | |